## ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ ВО ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

**С о д р ж и н а:**

Дел I Инструкции за понудувачите

1. Општи информации
2. Способност на понудувачите
3. Појаснување, измена и дополнување на документацијата за јавен повик
4. Подготовка и поднесување на понудите
5. Отворање и евалуација на понудите
6. Склучување на договор за набавка по јавен повик
7. Модел на договор
8. Поништување на постапката

Дел II Технички спецификации

Дел III Образец на понуда

1. Општ дел
2. Прилози

# I. ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### 1.1 Дефиниции

1.1.1 Одредени поими употребени во оваа документација за јавен повик го имаат следново значење:

- „Договор за набавка" е Договор склучен помеѓу избраниот понудувач и АД МЕПСО, во писмена форма, со кој се утврдуваат техничките и комерцијалните услови за купопродажба на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа;
- „документација по јавен повик" е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата;
- „Техничка спецификација" е збир на технички услови, прописи, препораки и стандарди со кои детално се дефинираат минималните барања од технички аспект;
- „Понудувач" е Производител или трговец или снабдувач на електрична енергија регистриран во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија, односно оној кој поседува соодветна лиценца издадена од РКЕВУ, како и EIC код, издаден од страна на ОЕПС, кој учествува на Отворен јавен повик;
- „Понуда" Понуда за продажба на електрична енергија (MWh) по одредена цена (EUR/MWh) заокружена на две децимали, а доставена од страна на понудувачот;
- „Техничка понуда" е дел од понудата со која се докажува исполнувањето на поставените технички барања и услови од документацијата за јавен повик;
- „Финансиска понуда" е дел од понудата во кој се содржани понудените цени согласно со условите од документацијата за јавен повик;
- „ Избран понудувач " е понудувач кој склучил договор за набавка по јавен повик;
- „Евалуација на понуда" е оцена на поднесена понуда во постапката за доделување на договор за набавка по јавен повик;
- „Прифатлива понуда" е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од документацијата за јавен повик и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите;
- „Писмено или во писмена форма" е секој израз кој се состои од зборови или бројки кои можат да се прочитаат, умножат и дополнително да се соопштат, како и информации кои се пренесуваат и чуваат со помош на електронски средства под услов сигурноста на содржината да е обезбедена и потписот да може да се идентификува.

### 1.2 Договорен орган

1.2.1 Договориот орган е Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија – Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје, со седиште на адреса: ул. Максим Горки бр. 4, 1000 Скопје,, интернет адреса: // www.mepso.mk //

1.2.2 Лице за контакт кај АД МЕПСО е:
- за техничкиот дел, Ненад Јовановски,
тел +389 (2) 3 149 005, mob: +389 75 437 427 e-mail nenadj@mepso.mk

- за комерцијалниот дел, Ставре Лега
тел +389 (2) 3 149 021, e-mail stavrel@mepso.com.mk

**1.3 <u>Предмет на договорот за набавка по јавен повик</u>**

1.3.1 Предмет на договорот е: Испорака на електрична енергија за покривање на загубите на електрична енергија во електропреносната мрежа на Република Северна Македонија.

1.3.2 Времетраењето на испораката на електрична енергија по јавен повик е во периодот од 00:00 часот на 01 јануари 2021 година до 24:00 часот на 31 декември 2021 година.

**1.4 <u>Применливи прописи</u>**

1.4.1 При подготовка на својата понуда, понудувачот треба да ги има предвид важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови и заштитата при работа, заштита на личните податоци, облигационите односи, заштитата на потрошувачите и енергетиката. Сите прописи може да се најдат во соодветните изданија на Службен весник на Република Северна Македонија. Дополнителни податоци во однос на важечките прописи од горенаведените области, понудувачот може да добие од Управата за јавни приходи, Царинската управа и Министерството за финансии (за даноците и другите јавни давачки), Министерството за труд и социјална политика (за работните односи, работните услови и заштитата при работа), Дирекцијата за заштита на личните податоци (за заштита на личните податоци), од Министерството за економија и РКЕВУ (за заштита на потрошувачите и за енергетиката)и од Министерството за правда (за облигационите односи).

**1.5 <u>Извор на средства</u>**

1.5.1 Средствата за реализација на договорот за набавка по јавен повик кој е предмет на оваа постапка се обезбедени од Финансискиот план на АД МЕПСО во 2021 година.

**1.6 <u>Право на учество</u>**

1.6.1 Право на учество на јавниот повик има производител или трговец или снабдувач на електрична енергија регистриран во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија, односно оној кој поседува соодветна лиценца издадена од РКЕВУ, како и EIC код, издаден од страна на ОЕПС и кој подигнал документација за јавен повик од АД МЕПСО.

1.6.2 Понудувачот во рамките на иста постапка за доделување на договор за набавка по јавен повик може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако понудувачот учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда.

1.6.3 Понудувачот е одговорен пред АД МЕПСО за извршување на договорот за набавка по јавен повик.

1.6.4 Лицата кои учествувале во изработка на документацијата за јавен повик не смеат да бидат понудувачи во постапката за доделување на договорот.

**1.7 <u>Трошоци за поднесување на понуда</u>**

1.7.1 Понудувачот ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата. АД МЕПСО не е одговорен за тие трошоци без оглед на водењето и на исходот од постапката за доделување на договор за набавка по јавен повик.

**1.8 <u>Критериум за доделување на договорот за набавка по јавен повик</u>**

1.8.1 Критериум за доделување на договорот за набавка по јавен повик е **најниска цена и ќе се применува за секој месец одделно**. Избран понудувач, односно Избрани понудувачи ќе бидат оние понудувачи кои ќе понудат најниска цена за месецот/месеците, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива.

1.8.2 Доколку за одреден месец се јават две или повеќе понуди со иста цена, во тој случај преостанатата количина на електрична енергија за соодветниот месец ќе се подели пропорционално на понудените количини на електрична енергија за соодветниот месец во однос на преостанатиот дел, а понудувачите се должни да ги прифатат вака определените и доделените количини на електрична енергија.

**1.9 <u>Спречување на судир на интереси</u>**

1.9.1 За спречување на судир на интересите во постапките за доделување на договори за набавки по јавен повик соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

**1.10 <u>Начин на комуникација</u>**

1.10.1 Секое барање, информација и известување во постапката се испраќаат во писмена форма или преку електронски средства и тоа скенирани.

1.10.2 Начинот на поднесување на понудата е утврден во точка 4 од Инструкциите за понудувачите.

## 2. СПОСОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИТЕ

**2.1 <u>Начин на докажување на способноста</u>**

2.1.1 Со понудата понудувачот задолжително треба да достави придружна документација со која ќе ги докаже:

- личната состојба,
- способноста за вршење професионална дејност,
- техничката способност.

2.1.2 Бараната документација се поднесува во оригинал или во копија заверена од понудувачот со печат и со потпис на одговорното лице, со назнака "Верно на оригиналот".

2.1.3 При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

2.1.4 Бараното објаснување понудувачот го доставува во писмена форма во рокот кој го определил АД МЕПСО.

2.1.5 После отварањето на понудите, никакви промени во Образецот на понудата не смеат да се бараат, нудат или да се дозволуваат од страна на комисијата за евалуација или од понудувачот.

**2.2 <u>Лична способност</u>**

2.2.1 АД МЕПСО ќе го исклучи од постапката за доделување на договор за набавка по јавен повик секој понудувач:

1) доколку утврди дека на понудувачот или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој понудувач или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик;
2) кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
3) кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
4) на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
5) на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
6) на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или

7) кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

2.2.2 За докажување дека не постојат услови за исклучување од постапката, понудувачот ги доставува следниве документи:

- изјава на понудувачот дека во последните 5 години на понудувачот или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој понудувач или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде понудувачот е регистриран;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност или единствен документ за докажување на способноста и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста.

2.2.3 Изјавата од алинеја 1 од подточка 2.2.2 ја изготвува и потпишува самиот понудувач и истата не мора да биде заверена од надлежен орган.

2.2.4 Потврдите од потточка 2.2.2 ги издаваат надлежни органи во земјата каде е регистриран понудувачот. Ако земјата во која е регистриран понудувачот не ги издава овие документи или ако тие не ги опфаќаат сите горенаведени случаи, понудувачот може да достави изјава заверена кај надлежен орган.

2.2.7 Документите од потточка 2.2.2 не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад.

**2.3 <u>Способност за вршење на професионална дејност</u>**

2.3.1 Право на учество во постапката има секој понудувач кој ги исполнува посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон, а се однесуваат на предметот на набавка.

2.3.2 За да ја докаже способноста за вршење професионална дејност, понудувачот треба да достави:

- Лиценца за производител или трговец или снабдувач на електрична енергија регистриран во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија, односно оној кој поседува соодветна лиценца издадена од РКЕВУ со важност за целото времетраење на договорот,

- Изјава дека поседува EIC код, издаден од страна на АД МЕПСО,

## 2.4 Економска и финансиска состојба

Не се бара.

## 2.5 Техничка способност

2.5.1 За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за набавка по јавен повик од аспект на неговата техничка способност, понудувачот треба да достави:

- Изјава потпишана од Понудувачот во која изјавува дека го прифаќа правото на АД МЕПСО за користење на флексибилност од ±20% од договорената часовна моќност, за секој час посебно, која ќе ја достави до избраниот понудувач во денот Д-2 за денот Д.
- Изјава потпишана од Понудувачот во која јасно се наведува дека Понудувачот неотповикливо ја признава својата целосна и исклучителна одговорност во гаранцијата на испораките на електричната енергија до местото на испорака.

# 3. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ЗА ЈАВЕН ПОВИК

## 3.1 Појаснување на документацијата за јавен повик

3.1.1 Понудувачот може да побара појаснување на документацијата за јавен повик од АД МЕПСО, исклучително во писмена форма, најдоцна 3 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

3.1.2 Појаснувањето АД МЕПСО ќе го достави до сите понудувачи што подигнале документација за јавен повик, без при тоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.

## 3.2 Измена и дополнување на документацијата за јавен повик

3.2.1 АД МЕПСО го задржува правото најдоцна 3 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни документацијата за јавен повик, за што веднаш ќе ги извести сите понудувачи што неа ја подигнале.

3.2.2 Во случај на измена на документацијата за јавен повик, АД МЕПСО може да го продолжи крајниот рок за доставување на понудата по барање на понудувачот (ако постојат оправдани причини) и да овозможи најмалку 3 работни денови за поднесување на понудите откако на понудувачите ќе им ги направи достапни појаснувањата/дополнувањата.

3.2.3 Во случај на продолжување на крајниот рок, АД МЕПСО е должен писмено да ги извести сите понудувачи што подигнале документација за јавен повик.

## 4. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 4.1 Содржина на понудата

4.1.1 Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната документација за јавен повик и се состои од следниве елементи:

- Пополнет образец на понудата;
- Документи за утврдување на личната состојба наведени во потточка 2.2.2 од документацијата за јавен повик;
- Документ за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност наведен во точка 2.3.1 од документацијата за јавен повик;
- Докази за утврдување на техничката способност наведени во точка 2.5.1 од документацијата за јавен повик;
- Модел на договор;
- Гаранција за учество наведена во точка 4.6.5 од документацијата за јавен повик и
- Писмено овластување за претставникот на понудувачот.

4.1.2 Понудувачот задолжително треба да ги користи обрасците дадени во оваа документација за јавен повик при што тие мора да се пополнети без никакви измени на нивната форма и содржина, во спротивно понудата може да биде отфрлена како неприфатлива.

### 4.2 Јазик на понудата

4.2.1 **Понудата и документите поврзани со понудата се доставуваат на македонски јазик,** а банкарската гаранција на понудата и коресподенцијата може да биде на македонски или на англиски јазик.

### 4.3 Цена на понудата

4.3.1 Понудата треба да содржи: единечната цена за 1 MWh електрична енергија изразена во ЕУР (заокружено на втора децимала), за секој месец одделно како и задолжително вкупната вредност за понудената количина на електрична енергија изразена во ЕУР која ќе ги содржи сите трошоци до местото на предавање (да се пополни оригиналната табела која се доставува како документација за јавен повик).

4.3.2 Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти до местото на испорака, и да биде искажана без данок на додадена вредност.

4.3.3 Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

4.3.4 Ако цената на понудата е невообичаено ниска и во голема мера не е во согласност со проценетата вредност на набавката, АД МЕПСО од понудувачот ќе побара писмено објаснување за причините за таквата цена на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни на писмено, кои се причините за таквата цена во рок од 2 дена од датумот на поднесеното барање, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.

### 4.4 Валута на понудата

4.4.1 Цената на понудата се изразува во Евра.

**4.5 <u>Период на важност на понудата</u>**

4.5.1 Понудите треба да важат најмалку 30 дена од денот на отворањето на првичните понуди, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудата што важи за пократок период од предвидениот, АД МЕПСО ја отфрла како понуда што не одговара на условите.

4.5.2 Доколку АД МЕПСО процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.

**4.6 <u>Гаранција за учество</u>**

4.6.1 Како дел од понудата понудувачот задолжително обезбедува гаранција за учество (гаранција на понудата) во износ од 3% од вкупната вредност (цена) на понудата без вклучен ДДВ, во форма:

- ***банкарска гаранција***. За договорниот орган се прифатливи сите реномирани банки. Сите трошоци и провизии при обезбедувањето и проследувањето на банкарската гаранција се на терет на налогодавачот, или
- ***депонирани средства*** кои понудувачот ги депонира на следниов начин: примач / корисник: АД МЕПСО, ул. Максим Горки бр.4, Скопје, со цел на дознаката: гаранција на понудата по јавен повик ЈП-01/2021, на една од жиро сметките на договорниот орган:
  - бр. 200001086598648 кај Стопанска банка АД, Скопје, или
  - бр. 530010100845304 кај Охридска банка АД, Охрид, или
  - бр. 210059337810365 кај НЛБ Тутунска банка АД, Скопје, или
  - бр. 320000000076830 кај Централна кооперативна банка АД, Скопје.

4.6.2 Гаранцијата треба да е поднесена во оригиналната форма. Копии не се прифаќаат. Гаранцијата мора да има рок на важност најмалку 10 дена од денот на истекот на важноста на понудата. Секоја понуда што не содржи гаранција за учество, или содржи гаранција за учество која не е во согласност со условите во документацијата за јавен повик, ќе биде отфрлена од страна на АД МЕПСО како неприфатлива.

4.6.3 Гаранцијата на понудата на неуспешните понудувачи се враќа по склучување на договорот со најповолниот понудувач/ најповолните понудувачи, на следниот начин:

- гаранција дадена во форма на банкарска гаранција се враќа лично во седиштето на купувачот или по пошта, на писмено или електронско барање на понудувачот и
- гаранција дадена во форма на депонирани средства се враќа, по добивање на писмени инструкции за поврат на истите, дадени од понудувачот по пошта или електронски. Сите трошоци при враќањето на средствата се на терет на понудувачот.

4.6.4 Гаранцијата на понудата може да се наплати/се задржуваат депонираните средства, ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не го потпише договорот или
- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

4.6.5. Моделот на гаранцијата на понудата е даден во Прилог Д

**4.7 <u>Форма и потпишување на понудата</u>**

4.7.1 Понудата се поднесува во еден оригинален примерок, испишана со неизбришливо мастило и потпишана од одговорното лице на понудувачот или лице овластено од него. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице на понудувачот, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице на понудувачот. Сите страници на понудата треба да се парафирани од лицето кое ја потпишува понудата.

4.7.2 Секое пишување врз претходен текст пополнет од страна на понудувачот важи само ако е потпишано или парафирано од лицето кое ја потпишува понудата. Секоја измена на оригиналниот текст од понудата е неприфатлива и истата нема да се евалуира.

**4.8 <u>Запечатување и обележување на понудите</u>**

4.8.1 Понуди можат да достават само понудувачи што имаат подигнато оригинален примерок на документацијата за јавен повик од АД МЕПСО.

4.8.2 Понудувачот го приложува оригиналниот примерок на понудата со целокупната документација во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на понудувачот. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на АД МЕПСО;
- содржи информација за бројот на јавниот повик за поднесување понуда за набавка по јавен повик и датумот на кој е објавена;
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај", за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.

4.8.3 Ако пликовите не се запечатени и обележани како што се бара, АД МЕПСО не презема одговорност за нивно ненавремено и некомплетно пристигнување во неговата архива или за предвремено отворање на понудата.

**4.9 <u>Краен рок и место за поднесување на понудите</u>**

4.9.1 Краен рок за доставување на понудите е **07.12.2020** година во **11:00 часот** (по локално време).

4.9.2 Понудите се поднесуваат на следнава адреса: Ул. Максим Горки бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, во архивата на АД МЕПСО, со назнака "За Јавен повик за поднесување понуда бр. ЈП-01/2021.

4.9.3 Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, се отфрла како задоцнета и истата ќе му биде вратена на понудувачот.

**4.10 <u>Алтернативни понуди</u>**

4.10.1 Во оваа постапка за доделување на договор за набавка по јавен повик не се дозволени алтернативни понуди.

**4.11 <u>Измена, замена и повлекување на понудата</u>**

4.11.1 Понудувачите можат да ги изменат, заменат или повлечат своите понуди по поднесување на понудата, под услов измените, замените или повлекувањата да се добиени во АД МЕПСО пред крајниот рок за поднесување на понудите наведен во точка 4.9.

## <u>5. ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ</u>

**5.1 <u>Отворање на понудите</u>**

5.1.1 Отворањето на понудите е јавно, а ќе се изврши во присуство на еден или двајца овластени претставници на секој од понудувачите, кои ќе одлучат да присуствуваат на отворањето. Овластените претставници на понудувачите на јавното отворање мораат да носат овластување потпишано од одговорното лице на понудувачот. Сите овластени претставници на понудувачите, присутни на јавното отворање, треба да потпишат евидентен лист.

5.1.2 **Јавното отворање ќе се одржи на 07.12.2020 година, во 11:00 часот (по локално време)**, во просториите на АД МЕПСО на ул. Максим Горки бр.4, Скопје.

5.1.3 Комисијата има право да побара од понудувачите, пред јавното отварање на доставените понуди, процентуално намалување на понудената цена за вкупните количини на електрична енергија во писмена форма од овластениот претставник. Процентот на намалување ќе се примени на секој месец посебно во кој понудувачот доставил понуда и таа цена ќе биде предмет на евалуација.

5.1.4 Доставените понуди се отвораат јавно и тоа: една по една, со читање на името на понудувачот, при што се констатира дали понудите се доставени според точка 4.8 и 4.9 од документацијата за јавен повик и дали се во оригинал. Ниту една понуда нема да биде отфрлена на отворањето на понудите, освен задоцнетите понуди.

5.1.5 Комисијата за отварање и евалуација на понудите ќе пристапи кон јавно отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

5.1.6 Во текот на отворањето на понудите се води записник за отворањето на понудите

**5.2 <u>Евалуација на понудите</u>**

5.2.1 Предмет на евалуација не може да бидат понуди кои не се отворени на јавното отворање.

5.2.2 Комисијата за отварање и евалуација на понудите, пред да пристапи кон евалуација на понудите ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот.

5.2.3 **Понудите кои не ги содржат сите елементи (делови) наведени во точка 4.1.1 од документацијата за јавен повик и III.1.14 од Образецот на понуда, ќе бидат оценети како некомплетни и неприфатливи и нема да се евалуираат.**

**5.3 <u>Доверливост на процесот на евалуација на понудите</u>**

5.3.1 Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да им се откријат на понудувачите или на кои било други лица што не се службено вклучени во тој процес.

**5.4 <u>Појаснување на понудите</u>**

5.4.1 Во периодот на разгледување и оценување на понудите, АД МЕПСО може да побара од кој било понудувач појаснување на неговата понуда. Барањето за појаснување АД МЕПСО го доставува до понудувачот согласно точка 1.10 (Начин на комуникација).

5.4.2 Никаква промена на цените или на содржината на понудата нема да се бара, нуди или да се дозволува.

5.4.3 Секое појаснување доставено од страна на понудувачот во поглед на неговата понуда што не е дадено како одговор на барање од АД МЕПСО, нема да се разгледува.

## <u>6. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА ПО ЈАВЕН ПОВИК</u>

**6.1 <u>Критериум за склучување на договор за набавка по јавен повик</u>**

6.1.1 АД МЕПСО склучува договор со понудувачот кој понудил најниска единечна цена за електрична енергија за соодветниот месец.

6.1.2. Договорот за набавка по јавен повик ќе се однесува за месеците за кои понудувачот понудил најниска единечна цена за електрична енергија.

**6.2 <u>Известување за склучен договор за набавка по јавен повик</u>**

6.2.1 Пред истекот на периодот на важење на понудата, во рок од 1 (еден ден) од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда, избраниот најповолен понудувач ќе биде известен со електронски средства како и во писмена форма дека неговата понуда е прифатена. Во исто време, и сите други понудувачи ќе бидат известени за донесената одлука за најповолен понудувач како и за причините поради кои нивната понуда не е избрана.

**6.3 <u>Правна заштита</u>**

6.3.1 Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за набавка по јавен повик и кој има забелешки за направени пропусти или грешки во работењето на комисијата за евалуацијата на понудите и не е задоволен од донесената одлука за избор на најповолен понудувач може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија по пат на жалба доставена до Управниот Одбор на АД МЕПСО во рок од 2 (два) календарски дена од денот на приемот на известувањето за избор на најповолен понудувач, со доставување на жалбата лично или по пошта, со јасно и прецизно образложени причини за истата. Управниот одбор по жалбата на понудувачот одлучува во рок од 2 (два) дена, сметано од денот на приемот на жалбата.

Понудувачот кој не е задоволен од одлуката на Управниот одбор на АД МЕПСО може во рок од 2(два) дена, сметано од денот на приемот на одлуката која ја донел Управниот одбор на АД МЕПСО да иницира спор пред Регулаторната комисија за енергетика која го решава спорот според процедурата за решавање на спорови.

Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика е конечна.

## 7. МОДЕЛ НА ДОГОВОР

**ДОГОВОР……………… бр. ……………………**

**испорака на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа**

**Склучен помеѓу**:

1. Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем „АД МЕПСО" Скопје, ул. Максим Горки бр.4, Скопје, застапувано од Генералниот директор на АД МЕПСО Ева Шуклева, во натамошниот текст, Купувач, од една страна и
2. __________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________, во натамошниот текст, избран Понудувач од друга страна.

**Член 1**

**Предмет на Договорот**

1. Предмет на овој договор е испорака на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа во периодот од 00:00 часот на 01 јануари 2021 година до 24:00 часот на 31 декември 2021 година во количини и моќност според табелата бр.1

Табела 1

| Период | Моќност (MW) | | Количина на енергија (MWh) | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Pd Дневна (07-24) | Pn Ноќна (00-07) | Дневна (07-24) | Ноќна (00-07) | ВКУПНО |
| | | | | | |
| | | | | | |
| **Сè вкупно** | | | | | |

2. Избраниот Понудувач се обврзува на барање на Купувачот да испорача електрична енергија во место на испорака.
3. Место на испорака е електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија.
4. Купувачот е должен да му достави на избраниот Понудувач Барање за испорака на електрична енергија и моќност за покривање на загубите на електропреносната мрежа за 24 часовен период во денот Д-2 за денот Д, преку Email, со право на флексибилност од ±20% од договорената часовна моќност, за секој час посебно.
5. Испораката на електричната енергија ќе се реализира согласно scheduling процесот хармонизиран на ниво на европските систем оператори.
6. До 5-тиот ден од секој месец, Купувачот е должен да ја потврди скенирано преку email испорачаната количина на електрична енергија во претходниот месец доставена од страна на избраниот Понудувач, по овој договор. Оваа потврда ќе биде употребена како основа за издавање на фактура во согласност со член 3 од овој договор.

7. Овој договор не го обврзува Купувачот да прими каква било електрична енергија различна од дефинираната количина согласно точка 4 од член 1 на овој договор

**Член 2**

**Договорни цени**

1. Купувачот е должен на избраниот Понудувач да му плати за електричната енергија според договорната цена во висина од:

Табела 2

| Период | Единечна Цена Евра/MWh | Вкупно испорачана електрична енергија (MWh) | Вкупен износ (Евра) |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Сè вкупно** | | | |

2. Оваа цена ги вклучува сите трошоци и попусти на избраниот Понудувач, како што е наведено во член 1 од овој договор.
3. Оваа цена е без данок на додадена вредност.

**Член 3**

**Услови за плаќање**

1. Избраниот Понудувач му доставува на Купувачот фактура во месецот М+1 за испорачана електрична енергија во месецот М, базирана на потврдата согласно член 1, точка 6 од овој договор, и цената дефинирана во табела 2 од член 2 од овој договор, во рок од 8 (осум) дена по завршување на секој месец на испорака, во времетраење на овој договор.
2. Фактурата за испорачаната електрична енергија ќе биде зголемена за вредноста на ДДВ согласно законските прописи кои важат во Република Северна Македонија.
3. Купувачот е должен да ја плати фактурираната сума на сметка на избраниот Понудувач специфицирана во фактурата, во рок од 30 (триесет) дена по завршување на секој месец на испорака
4. Во случај на доцнење во плаќањата, ќе се пресметува камата за целиот период на доцнење, вклучувајќи го и денот на доспевањето, а исклучувајќи го денот на плаќањето, еднаква на важечкиот месечен EURIBOR + 1%.
5. Вредноста на фактурата ќе се изрази во денари по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на последниот ден од месецот на испорака.

**Член 4**

1. Доколку избраниот Понудувач не ги исполнува своите обврски преземени со договорот, Купувачот ќе наплати договорна казна за неисполнување на договорната обврска.
2. Избраниот Понудувач е должен да плати договорна казна во висина од 15% од вкупната вредност на договорот, како и штетата што ја претрпел Купувачот која е поголема од износот на договорната казна, во случај ако избраниот Понудувач не одговори на бараните количини за испорака во односниот месец или неосновано ја прекине испораката на електричната енергија.

**Член 5**

**Применлив Закон**

1. Овој договор како и сите евентуални писмени измени и дополнувања на овој договор се во согласност со законите на Република Северна Македонија.
2. Сите недоразбирања и спорови кои ќе произлезат помеѓу Страните при реализација на овој договор, Страните ќе се обидат да ги решаваат спогодбено, по пат на преговарања.
3. За сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои Страните не можат да ги решат спогодбено, надлежен е стварно и месно надлежниот суд во Скопје.
4. Страните се обврзуваат да ја почитуваат арбитражната пресуда која е извршна и обврзувачка за нив.

**Член 6**

**Несакани испади**

1. Во несакани испади се вклучуваат едновремени испади на сите интерконективните врски преку кои е можно да се испорача електрична енергија за покривање на загубите во Република Северна Македонија, како последица на природни катастрофи како земјотрес, поплава, пожар, мраз и други непредвидени појави, кои би ја спречиле испораката на електричната енергија.
2. Во случај на несакан испад како што е опишано во став 1 од овој член, обврските на договорните Страни во овој договор ќе бидат суспендирани додека постои несаканиот испад, при што договорните Страни немаат право на надомест на трошоците кои ќе бидат направени во тој временски период.

**Член 7**

**Гаранција за квалитетно извршување на договорот**

1. Со потпишувањето на овој договор од двете договорни страни, а најдоцна во рок од 5 дена од денот на неговото потпишување, избраниот Понудувач се обврзува да му достави на Купувачот финансиска гаранција за квалитетно извршување на договорот во вид на банкарска гаранција или паричен депозит, во висина од 10% од вредноста на електричната енергија од месецот со најголема вредност на испораката, со важност до 7 дена по завршување на последниот месец на испорака од договорот.
2. Банкарската гаранција треба да биде издадена од реномирана банка, избрана од избраниот Понудувач и прифатлива за Купувачот. Гаранцијата се доставува во SWIFT форма преку една од наведените банки:
    - Охридска банка АД-SWIFT: OHRDMK22 или
    - Стопанска банка АД-SWIFT: STOBMK2x или
    - Централна кооперативна банка АД - SWIFT: CECBMK22 или
    - НЛБ Тутунска банка АД – SWIFT: TUTNMK22.
3. Во банкарската гаранција мора да биде наведена сметка или IBAN на налогодавачот.
4. Гаранцијата треба да биде неотповиклива, безусловна и платива на прв писмен повик.
5. Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот Купувачот ја наплаќа како надомест за било каква загуба, која произлегува од неисполнување на обврските на избраниот Понудувач, превземени со договорот.
6. Сите трошоци за издавање и проследување на гаранцијата се на трошок на избраниот Понудувач.
7. Во случај избраниот Понудувач да не обезбеди во целост финансиска гаранција во предвидениот рок, ќе се применат одредбите од член 4 на овој Договор.

**Член 9**

**Раскинување на договор**

1. Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот без отказен рок.

2. Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски бара продолжување на исполнување на обврската или раскинување на договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање по писмен пат.
3. Во случај на раскинување на договорот по вина на избраниот Понудувач, Купувачот ја наплаќа финансиската гаранција и договорна казна во висина од 15% од вкупната вредност на договорот.

**Член 10**

**Доверливост**

1. Договорните страни се согласни да не откриваат детали од овој договор на трета страна, било да се во пишана, усна или електронска форма.
2. Ова ограничување нема да важи само при аплицирање во Банки од страна на договорните страни и Државните тела кои би вршеле инспекција.

**Член 11**

**Други Услови**

1. Составни делови на овој договор се Прилог бр.1, Прилог бр.2 и Прилог бр.3.
2. Договорот стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни и важи до целосно исполнување на обврските од истиот.
3. Сите измени и дополнувања на овој договор ќе се реализираат во писмена форма, со взаемна согласност на двете договорни страни.
5. Договорот е изготвен во 4 (четири) оригинални примероци за секоја страна по два примерока.

Скопје, ................................(дата) година

Купувач: Избран Понудувач:

**ПРИЛОГ БР.1**

**ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИТЕ ЛИЦА НА ИЗБРАНИОТ ПОНУДУВАЧ И КУПУВАЧОТ**

**Податоци за избраниот Понудувач:**

Податоци за лицето/а за контакт овластено/и од страна и во име на избраниот Понудувач, одговорно/и за реализација на испораката

| |
|---|
| Име: |
| Адреса и Седиште: |

| |
|---|
| **Одговорно лице:** |
| **Телефон:** |
| **E-mail:** |
| **Мобилен:** |

**Податоци за Купувачот:**

Податоци за лицето за контакт овластено од страна и во име на Купувачот, одговорно за реализација на испораката:

| | |
|---|---|
| Купувач | **АД МЕПСО** |
| Адреса и Седиште: | Максим Горки бр. 4<br>1000 Скопје<br>Република Северна Македонија |

| |
|---|
| **Одговорно лице за контакт: Ненад Јовановски** |
| **Телефон: +389 75 437427** |
| **E-mail: nenadj@mepso.mk** |

**ПРИЛОГ БР.2**

**БАРАЊЕ ЗА ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И МОЌНОСТ**

Барањето за испорака на електрична енергија и моќност за покривање на загубите на електропреносната мрежа за 24 часовен период се доставува од страна на ОЕПС до избраниот понудувач, во денот Д-2 за денот Д, преку Email во excel формат.

| | MW | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дата\Час | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | СУМА MWh |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**ПРИЛОГ БР.3**

## ФОРМУЛАР ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ИСПОРАЧАНИТЕ МЕСЕЧНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Согласно Догобворот бр. ____ од ____(дата) помеѓу АД МЕПСО и ______ (избран Понудувач) следните количини на електрична енергија се испорачани на АД МЕПСО.

| | MW | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дата\Час | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | СУМА MWh |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

АД МЕПСО

______________

Избран Понудувач

______________________

## 8. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

8.1.1 АД МЕПСО може да ја поништи постапката за доделување на договор за набавка по јавен повик, ако:

- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на АД МЕПСО,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за набавка по јавен повик кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- оцени дека документацијата за јавен повик содржи битни пропусти или недостатоци,
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на АД МЕПСО

## II. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

АД МЕПСО, согласно Член 78, став 2 од Законот за енергетика, ќе спроведе постапка за доделување на договор за набавка по јавен повик за испорака на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа за 2021 година.

### 1. ПРЕДМЕТ НА НАБАВКАТА

Предмет на набавката е испорака на електрична енергија за покривање на загубите на електрична енергија во електропреносната мрежа во периодот од 00:00 часот на 01 јануари 2021 година до 24:00 часот на 31 декември 2021 година со месечна динамика наведена во долната Табела:

**КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ ВО ПРЕНОСНА МРЕЖА ВО 2021 ГОДИНА**

| | | | ДНЕВНА ЕНЕРГИЈА | | НОЌНА ЕНЕРГИЈА | | ВКУНО МЕСЕЧНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Коефициент на модулација Pn/Pd | Моќност за дневна енергија (07 - 24 )h Pd (MW) | Дневна енергија (07 - 24)h (MWh) | Моќност за ноќна енергија (00 - 07 )h Pn (MW) | Ноќна енергија (00 - 07)h (MWh) | ВКУПНО енергија (3 + 5) (MWh) |
| | Период | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Јануари | 01-31.01.2021 | 0,89 | 18 | 9.486 | 16 | 3.472 | 12.958 |
| Февруари | 01-28.02.2021 | 0,82 | 17 | 8.092 | 14 | 2.744 | 10.836 |
| Март | 01-31.03.2021 | 0,83 | 18 | 9.486 | 15 | 3.240 | 12.726 |
| Април | 01-30.04.2021 | 0,77 | 13 | 6.630 | 10 | 2.100 | 8.730 |
| Мај | 01-31.05.2021 | 0,82 | 11 | 5.797 | 9 | 1.953 | 7.750 |
| Јуни | 01-30.06.2021 | 0,77 | 13 | 6.630 | 10 | 2.100 | 8.730 |
| Јули | 01-31.07.2021 | 0,75 | 16 | 8.432 | 12 | 2.604 | 11.036 |
| Август | 01-31.08.2021 | 0,76 | 17 | 8.959 | 13 | 2.821 | 11.780 |
| Септември | 01-30.09.2021 | 0,77 | 13 | 6.630 | 10 | 2.100 | 8.730 |
| Октомври | 01-31.10.2021 | 0,75 | 12 | 6.324 | 9 | 1.962 | 8.286 |
| Ноември | 01-30.11.2021 | 0,75 | 16 | 8.160 | 12 | 2.520 | 10.680 |
| Декември | 01-31.12.2021 | 0,79 | 19 | 10.013 | 15 | 3.255 | 13.268 |
| **ВКУПНО ВО 2021 ГОДИНА** | | | | **94.639** | | **30.871** | **125.510** |

### 2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСПОРАКА

2.1. Времетраењето на испораката е во периодот од 00:00 часот на 01 јануари 2021 година до 24:00 часот на 31 декември 2021 година.
2.2. Понудените количини на електична енергија за дневен и ноќен период за соодветниот месец мора да бидат со зададениот коефициент на модулација за месецот.
2.3. Понудувачот може да понуди и само дел од бараните количини на електрична енергија за цел период или за одредени календарски месеци од наведениот период.
2.4. Понудувачот треба да понуди количини на електрична енергија кои се однесуваат на период од најмалку еден календарски месец.
2.5. Понудувачот не може да понуди количини на електрична енергија кои се однесуваат само на дневен или само на ноќен период за одреден/одредени календарски месец/месеци од наведениот период.

2.6. **Понудувачот не смее да понуди количини на електрична енергија со моќност помала од 9 MWh/h во ноќниот период (од 00:00 до 07:00 часот).**
2.7 Место на испорака е електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија.
2.8 Процесот на хармонизација на измените на плановите на размена се реализираат согласно Scheduling процесот хармонизиран на ниво на европските систем оператори.
2.9 Купувачот има право на користење на флексибилност од ±20% од договорената часовна моќност, за секој час посебно, која ќе ја достави до избраниот понудувач во денот Д-2 за денот Д.

## 3. ТЕХНИЧКА КВАЛИФИКАЦИЈА

Апликацијата за квалификација во постапката за набавка на електричната енергија за покривање на загубите во преносната мрежа содржи:

**1. Обврзувачка содржина на апликацијата** - Прилог Г: Изјава за прифаќање на условите за испорака на електрична енергија во точката на испорака.

**2. Гаранција за учество -** Како дел од понудата понудувачот задолжително обезбедува гаранција за учество (гаранција на понудата) во износ од 3% од вкупната вредност (цена) на понудата без вклучен ДДВ, во форма согласно Моделот на Гаранција за учество даден во Прилог Д.

**3. Модел на договор,** да се потпише и завери со печат, и секоја страна да биде парафирана согласно точка 4.7.1 од Документацијата за јавен повик. ( Празните полиња во моделот на договорот и прилозите од истиот да не се пополнуваат).

**4. Со поднесување на** понудата, Понудувачот ги прифаќа сите услови според кои АД МЕПСО е спремен да склучи договор за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа.

## 4. ПОНУДИ

Понудата треба да ги содржи следните информации:

- понудена електрична енергија (MWh) со моќност (MW) во дневен (Pd) и ноќен(Pn) период,
- единечна цена за електричната енергија за вкупните понудени месечни количини за секој месец посебно (EUR/MWh)

**Понудите ќе бидат оценети како невалидни и неприфатливи и нема да се евалуираат за месеците каде**:

-понудената количина на електрична енергија не се со ист коефициент на модулација како зададениот коефициент за соодветниот месец,

-понудената електрична енергија е со моќност помала **од 9 MWh/h** во ноќниот период (од 00:00 до 07:00 часот),

- понудените количини на електрична енергија се однесуваат само на дневен или само на ноќен период за одреден календарски месец.

**Прилог Г**

## ИЗЈАВА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ТОЧКАТА НА ИСПОРАКА

Понудувач (име на фирма): ______________________________________________

Адреса: _________________________________________________________________

Овластено лице на Понудувачот: __________________________________________

Со ова изјавувам дека сме способни, квалификувани и спремни на барање на АД МЕПСО безусловно:

- да ја испорачаме бараната електрична енергија со коефициент на модулација и процент на толеранција зададен од страна на АД МЕПСО.

- да ја испорачаме бараната електрична енергија до местото на испорака

Печат на понудувачот Потпис на одговорното лице на понудувачот

**Прилог Д**

**МОДЕЛ НА ГАРАНЦИЈА ЗА УЧЕСТВО**

*Гаранцијата да биде издадена во електронска форма преку SWIFT порака тип 760, испратена до банката, или во хартиена оригинална форма на меморандум на Банката-издавач на гаранцијата, со печат и потпис на овластените лица во име на Банката-издавач на гаранцијата и да се достави до Корисникот заедно со Понудата*

*(место и дата на издавање)*
**ГАРАНЦИЈА БР....**

**Тип на гаранција:** Тендерска гаранција

**Гарантор:** ………/*назив и седиште на Банката издавач на Гаранцијата*/

**Налогодавач:** ……… /*назив на Понудувач / Конзорциум; назив на членовите на Конзорциумот*/
……………………………/*седиште, ЕМБС, сметка на Понудувачот / членовите на Конзорциумот*/

**Корисник: Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје -** АД МЕПСО ,
ул. Максим Горски бр.4, Скопје

**Основен аранжман:** Обврски на Налогодавачот кои произлегуваат од ……………..( *назив на тендерот на пр:Оглас за доделување на Договор за јавна набавка/Покана/Барање за доставување на понуди/Постапка/Објава)* бр……, за набавка на ……………(*предмет на тендерот*), *за дел бр…..* (*доколку е применливо*)

**Валута и износ на гаранцијата:** …. (со зборови:….).

**Форма на презентација:** Хартиена форма во оригинал, заверени со печат и потпис од овластено лице/а на Корисникот или во електронска форма преку автентизирана SWIFT порака испратена од деловната Банка на Корисникот до Гаранторот.

**Место за презентација:** За хартиената форма на презентација во архивата на Гаранторот, лоцирана на ул. …………. на внимание на ……… или за електронската форма на презентација на SWIFT адреса:………

**Истек на важност на гаранцијата:** Обврските по гаранцијата се гасат целосно и автоматски со настанување на било кој од следните можности:
а) На ………. година, до крајот на работното време на Гаранторот на местото за презентација (во понатамошниот текст: Датум на важност); или
б) Доколку не остане износ за плаќање по гаранцијата, односно нејзиното салдо е 0-нула (Настан за важност бр.1); или
в) По враќање на оригиналниот примерок од Гаранцијата и сите анекси издадени по истата на Гарнторот на местото за презентација, со пропратно писмо од Налогодавачот или од Корисникот (Настан за важност бр.2); или
г) По доставување на писмена Изјава од Корисникот (во оригинал со печат и потпис од овластено лице на Корисникот) на Гаранторот на местото за презентација, со која Корисникот целосно го ослободува Гаранторот од обврските по Гаранцијата (Настан за истек на важност бр.3); или

д) По прием на Гаранторот на автентизирана SWIFT порака, испратена од деловната банка на Корисникот на гаранцијата, со која ќе се пренесат инструкциите на Корисникот за целосно ослободување на Гаранторот од обврските по Гаранцијата (Настан за важност бр.4).

Ние како Гарантор, неотповикливо и безусловно се обврзуваме да му го исплатиме на Корисникот секој износ до износот на гаранцијата, на прв писмен повик со презентација на следните документи, кои се во согласност со гаранцијата:

- Писмено Барање за плаќање од Корисникот, кое се повикува на бројот на гаранцијата и го содржи износот што се побарува да се плати по гаранцијата, и
- Писмена изјава од Корисникот (како дел во Барањето за плаќање или на посебен документ/SWIFT порака, кој/а се приложува кон Барањето и се повикува на бројот на гаранцијата и на Барањето), дека Налогодавачот ги прекршил или не ги извршил обврските по Основниот аранжман и во која е определен начинот на кој Налогодавачот ги прекршил или не ги извршил обврските по Основниот аранжман, и
- Оригинален примерок од Гаранцијата и сите анекси издадени по истата (*да се избрише доколку се издава во електронска форма на SWIFT порака MT 760*).

Писменото Барање за плаќање и Изјавата од Корисникот, заедно со останатите документи, се доставуваат до Гаранторот пред или на Датумот на важност, на местото за презентација во форма и начин, наведени погоре.
Страна одговорна за плаќање на сите трошоци е Налогодавачот.

Оваа гаранција е предмет на Еднообразните правила за гаранции на повик на Меѓународната Трговска Комора од Париз, Публикација бр.758 /Uniform Rules for Demand Guarantees (URDG) 2010 Revision, ICC Paris Publication No.758/.
**………………** (*назив на Гаранторот*)
**………………** *(име и презиме и позиција на потписниците во име на Гаранторот)*

**Прилог Ѓ**

**МОДЕЛ НА ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

*Гаранцијата да биде издадена во електронска форма преку SWIFT порака тип 760, испратена до банката на Корисникот*

**ГАРАНЦИЈА БР....**

**Тип на гаранција:** Чинидбена гаранција

**Гарантор:** ………/*назив и седиште на Банката издавач на Гаранцијата*/

**Налогодавач:** ……… /*назив на Понудувач / Конзорциум; назив на членовите на Конзорциумот*/
……………………………/*седиште, ЕМБС, сметка на Понудувачот / членовите на Конзорциумот*/

**Корисник:**
Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје - АД МЕПСО ,
ул. Максим Горски бр.4, Скопје

**Основен аранжман:** Обврски на Налогодавачот кои произлегуваат од Договор ………… ( *назив на Договорот)* бр…… од ………, склучен помеѓу Налогодавачот и Корисникот, за набавка на ……………(*предмет на Договорот*).

**Валута и износ на гаранцијата:** …… (со зборови:….).

**Форма на презентација:** електронска форма преку автентизирана SWIFT порака/и, испратена од деловната Банка на Корисникот до Гаранторот, во која во целост ќе биде пренесена содржината на Барањето за плаќање и на Изјавата на Корисникот.

**Место за презентација:** на SWIFT адресата:……… на Гаранторот, на внимание на ………

**Истек на важност на гаранцијата:** Обврските по гаранцијата се гасат целосно и автоматски со настанување на било кој од следните можности:
а) На ……….. година, до крајот на работното време на Гаранторот на местото за презентација (во понатамошниот текст: Датум на важност); или
б) Доколку не остане износ за плаќање по гаранцијата, односно нејзиното салдо е 0-нула (Настан за важност бр.1); или
в) По прием на Гаранторот на автентизирана SWIFT порака, испратена од деловната банка на Корисникот на гаранцијата, со која ќе се пренесат инструкциите на Корисникот за целосно ослободување на Гаранторот од обврските по Гаранцијата (Настан за важност бр.2).

Ние како Гарантор, неотповикливо и безусловно се обврзуваме да му го исплатиме на Корисникот секој износ до износот на гаранцијата, на прв писмен повик, по прием на Барање за плаќање од Корисникот, кое го содржи износот што се побарува да се плати по гаранцијата и на

Изјава од Корисникот (како дел во Барањето за плаќање или на посебена SWIFT порака, која се повикува на Барањето), дека Налогодавачот ги прекршил или не ги извршил обврските по Основниот аранжман и во која е определен начинот на кој Налогодавачот ги прекршил или не ги извршил обврските по Основниот аранжман.

Писменото Барање за плаќање и Изјавата од Корисникот, кои се повикуваат на бројот на гаранцијата се доставуваат до Гаранторот пред или на Датумот на важност, на местото за презентација во форма и начин, наведени погоре.

Оваа гаранција е предмет на Еднообразните правила за гаранции на повик на Меѓународната Трговска Комора од Париз, Публикација бр.758 /Uniform Rules for Demand Guarantees (URDG) 2010 Revision, ICC Paris Publication No.758/.

**.................** (*назив на Гарантороt*)

## III. ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

Врз основа на Јавниот повик број ЈП-01/2021 објавен од страна на Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, за доделување на договор за набавка по јавен повик за испорака на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа во 2021 година и на документацијата за јавен повик која ја подигнавме од АД МЕПСО, ја поднесуваме следнава:

**ПОНУДА**

### III.1. ОПШТ ДЕЛ

III.1.1.Име на понудувачот: ______________________________________________

III.1.2. Контакт информации

Адреса: ______________________________________________________________

- Телефон: ____________________________________________
- Е-пошта: ____________________________________________
- Лице за контакт: ______________________________________

III.1.3. Одговорно лице: _________________________________________

III.1.4. Даночен број: ___________________________________________

**Техничка понуда**

III.1.5.Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за ________________________MWh електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа согласно табелата од III.1.9.

III.1.6.Согласни сме испораката на бараната количина на електрична енергија да биде според условите од техничките спецификации на документацијата за јавен повик и одредбите на Моделот на договор.

III.1.7. Согласни сме да ја прифатиме доделената вредност на количините на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа и кога таа вредност е помала од нашата понудена вредност во случај на дополнување и/или пропорционална делба на потребната количини согласно условите од документацијата за јавен повик.

**Финансиска понуда**

III.1.8. Вкупната цена на нашата понуда, која вклучува испорака на електрична енергија на местото на испорака во контролната област на Република Северна Македонија, без ДДВ, изнесува: ____________________евра

(со букви:__________________________________________________) евра.

III.1.9.Детален приказ на Вкупната цена на нашата понуда е:

**КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ ВО ПРЕНОСНА МРЕЖА ВО 2021 ГОДИНА**

| | | | ПОНУДА ЗА ДНЕВНА ЕНЕРГИЈА | | ПОНУДА ЗА НОЌНА ЕНЕРГИЈА | | ВКУНО МЕСЕЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Коефициент на модулација Pn/Pd | Моќност за дневна енергија (07 - 24 )h Pd (MW) | Дневна енергија (07 - 24)h (MWh) | Моќност за ноќна енергија (00 - 07 )h Pn (MW) | Ноќна енергија (00 - 07)h (MWh) | ВКУПНО понудена енергија ( 3 + 5) (MWh) | ЕДИНЕЧНА ЦЕНА (EUR/MWh) | ВКУПНА вредност на понудената енергија ( 6 X 7) (EUR) |
| | Период | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Јануари | 01-31.01.2021 | 0,89 | | | | | | | |
| Февруари | 01-28.02.2021 | 0,82 | | | | | | | |
| Март | 01-31.03.2021 | 0,83 | | | | | | | |
| Април | 01-30.04.2021 | 0,77 | | | | | | | |
| Мај | 01-31.05.2021 | 0,82 | | | | | | | |
| Јуни | 01-30.06.2021 | 0,77 | | | | | | | |
| Јули | 01-31.07.2021 | 0,75 | | | | | | | |
| Август | 01-31.08.2021 | 0,76 | | | | | | | |
| Септември | 01-30.09.2021 | 0,77 | | | | | | | |
| Октомври | 01-31.10.2021 | 0,75 | | | | | | | |
| Ноември | 01-30.11.2021 | 0,75 | | | | | | | |
| Декември | 01-31.12.2021 | 0,79 | | | | | | | |
| **ВКУПНО ВО 2021 ГОДИНА** | | | | | | | | | |

- Понудената моќност Pd и Pn да биде изразена во MW без децимални места

***(Табелата се пополнува така што најпрво се пополнува колоната 2 со внесување на понудените вредности за Pd изразени во цел број MW (без децимални места). Потоа вредностите од колона 2 се множат со коефициентот на модулација од колона 1. Така добиената вредност се заокружува на цел број и се внесува во колона 4 како понудена вредност за Pn која НЕ СМЕЕ да биде помала од 9 MWh/h . После тоа се пополнуваат колоните 3, 5, 6, 7 и 8 како што е наведено во табелата).***

**-** Цените да бидат изразени во Евра (заокружени на 0,01 евро)

**- Понудената количина на електрична енергија во ноќниот период (од 00:00 до 07:00 часот) не смее да биде со моќност помала од 9 MWh/h**

III.1.10.Се согласуваме Начинот на плаќање да биде според условите и одредбите на Моделот на договор.

III.1.11.Се согласуваме Гаранцијата за учество (гаранција на понудата) да биде согласно точка 4.6.5 од документацијата за јавен повик.

III.1.12.Со поднесување на оваа понуда, во целост го прифаќаме предложениот Модел на договор како и Прилогот бр.1, Прилогот бр. 2 и Прилогот бр.3 кон договорот и се обврзуваме Гаранција за квалитетно извршување на договорот да ја доставуваме согласно моделот од Прилог Ѓ

III.1.13. Нашата понуда важи за периодот утврден во документацијата за јавен повик.

III.1.14. Нашата понуда е составена од следниве делови:

- пополнет образец на Понуда составена од III.1 ОПШТ ДЕЛ,
- документи за докажување на личната состојба, дадени како Прилог А,
- документ за докажување на способноста за вршење на професионална дејност, даден како Прилог Б,
- доказ за исполнување на техничката способност даден како Прилог Г: Изјава за прифаќање на условите за испорака на електрична енергија во точката на испорака.
- потпишан Модел на договор како и Прилогот бр.1, Прилогот бр. 2 и Прилогот бр.3 кон договорот,
- писмено овластување за претставникот на понудувачот согласно точка 5.1.1 од документацијата за јавен повик.
- Гаранција за учество

III.1.15. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и документацијата за јавен повик и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договорот за набавка по јавен повик и да не извршите доделување на договор согласно точка 8 од документацијата за јавен повик.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| | (потпис и печат) |